Училишниот одбор на Средното општинско училиште на Општина Штип „Славчо Стојменски“ - Штип, врз основа на Член 89-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20) и Член 97 од Статутот на СОУ Гимназија Славчо Стојменски Штип на одржаната седница на ден ______________ година усвои и донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ОПШТИ НОРМИ И КОДЕКС ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, РОДИТЕЛИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## I. Општи норми за функционирање на училиштето

- На влезот на училиштето, соодветно ќе биде истакнато македонското знаме во стандардна големина;
- Секој понеделник наставата во училиштето ќе започнува со интонирање на македонската химна;
- Училиштето активно ќе соработува со Министерството за внатрешни работи со цел спречување на несакани дејствија и гарантирање на безбедноста;
- Во училиштето, училишниот двор и околу училишната зграда строго е забрането консумирање на алкохол и/или пушење на цигари;
- Вработените во училиштето се грижат за хигиената како во училишната зграда, така и во училишниот двор;
- Училиштето врши селекција на отпад;
- Во училниците е забрането консумирање на храна и пијалоци (освен во просторијата намената за ова);
- Паркирање на возила во училишниот двор и на влезот на истиот е забрането освен за возила на полиција, брза помош, пожарна и возила за редовен (најавен) дотур на стоки;
- Училиштето активно работи во насока на обезбедување дополнителни финансиски средства.

## II. Етички кодекс за однесување на учениците

### Општи правила за однесување на учениците

*Општите правила за однесување на учениците во училиштето се однесуваат на секојдневното однесување во училишниот двор, училишниот хол и училниците за време на наставата или пак за време на училишниот одмор помеѓу часовите:*

- Ученикот е должен да ги почитува државната химна и државното знаме;

- ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава;
- ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот;
- ученикот е должен да се грижи за хигиената во училиштето и блиската околина;
- во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- учениците не смеат да користат мобилни телефони за време на настава;
- учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- кога наставникот зборува, ученикот да не го прекинува;
- ученикот да им се обраќа со ВИЕ на возрасните;
- ученикот да користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
- ученикот да поздравува со добро утро, добар ден и до видување;
- ученикот да не користи вулгарни зборови кога комуницираш;
- ученикот да ги почитува правилата кои ги договорил со наставникот;
- ученикот да не носи предмети со кои би можел да повреди други ученици;
- ученикот да покаже толеранција кон соучениците во комуникацијата;
- ученикот да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- ученикот да биде самокритичен, па потоа да критикува;
- ученикот да ги чува своите предмети и да не посегнува по туѓите;
- ученикот да не ги потценува способностите на своите соученици;
- повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- ученикот да го сослушува внимателно и почитува мислењето на другиот;
- ученикот да ги истакне позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови;
- ученикот со своето примерно однесување ќе покаже почит и кон своите родители;
- учениците се должни да избегнуваат недолично однесување;
- да не се вика и да не се трча по ходниците;
- за време на големиот одмор да се престојува во училишниот двор;
- ако во дворот има отпад да се фрли во корпа за отпадоци;
- да не се приговара на опомените на дежурните наставници и ученици;
- штом се слушне ѕвончето, веднаш ученикот да влезе во училницата;
- ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот.

**Правила за облекување на учениците во училиштето**

*Ученикот го претставува училиштето, како во училиштето така и надвор. Облекувањето на учениците треба да биде уредно и истите треба да*

*имаат уреден изглед без притоа да влијаат негативно на околината. Од таа причина учениците треба да внимаваат:*

- во училиштето учениците треба да доаѓаат уредни;
- долгите нокти во училиштето не се дозволени;
- носење на кратки панталони во училиштето не е дозволено;
- горниот дел на облеката не треба да отстапува од стандарден изглед на маица на кратки ракави, при што голотија во предел на абдомен не е дозволена;
- училиштето работи во насока на обезбедување на соодветни униформи за своите ученици.

**Правила за однесување на учениците за време на час**

*Однесувањето на учениците за време на часот е од есенцијално значење за квалитетот на наставата и од таа причина ученикот треба:*

- ученикот не смее да го користи мобилниот телефон за време на час;
- на часовите ученикот треба внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- да се труди да ги извршува  училишните обврски;
- да придонесе за одржување на работната атмосфера;
- ученикот е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки;
- да  соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- ученикот не смее  самоволно и без вистинска причина да го напушти  часот;
- на часовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- да се отпоздрави наставникот кога ќе влезе во училница;
- за време на часот да не излегува  во тоалет, освен за неопходна потреба;

**Правила за однесување на учениците кон останатите ученици**

*Учениците за време на својот престој во училиштето се во директна комуникација со останати ученици при што потребно е:*

- да покаже почитување и толеранција  кон другарите и наставниците;
- да помага на помалку успешните ученици;
- ученикот да не ги навредува и да не се однесува насилно кон помалите и послабите ученици – булингот во училиштето е строго забранет;
- пристојно и трпеливо да се чека наставникот пред училница пред започнувањето на часот;

- ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;

## III. Етички кодекс за однесување на наставниците и стручните соработници

Етичкиот кодекс за однесување на наставниците и стручните соработници е во согласност со Член (19) Став (13) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и гласи:

### Наставникот, стручниот соработник и општеството

*Со воспитно - образовниот процес младата генерација се вклопува во актуелната цивилизација преку усвојување на научни сознанија и аксиолошки ставови врз кои се темели современото општество и*

- својата професија да ја извршува совесно, одговорно и хумано;
- воспитанието и образованието на учениците да му претставуваат највисок императив во неговото професионално однесување;
- со сите сили да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник и при вршење на своите дожности да не прави никакви разлики поради пол, националност, раса, возраст, сексуална наклонетост и општествено - економска положба;
- на своите ученици, нивните родители и на колегите да им го изразува должното почитување.

### Наставникот, стручниот соработник и струката

*Односот на наставникот, стручниот соработник кон сопствената струка е есенцијален за максимизирање на наставниот час и поттикнување на интерес кај учениците. Од оваа причина, наставникот и стручниот соработник е потребно:*

- секој наставник, односно стручен соработник е стручен за определена област и застапник на определена наука во училиштето и во пошироката општествена заедница;
- наставникот, односно стручниот соработник треба постојано да се залага за општествена афирмација на својот предмет, а тоа ќе го постигне преку: развивање чувство на радост од новите сознанија кај учениците, предизвикување почит кон предметот кај колегите, разбудување љубопитност за проблемите што ги поставува неговиот предмет кај граѓаните од пошироката општествена јавност;
- како стручна и јавна личност, наставникот, односно стручниот соработник може и треба да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето преку учество во јавни трибини, пишување статии, стручни трудови, книги и слично;
- наставникот, односно стручниот соработник треба да е свесен дека, како стручњак и просветител, директно е одговорен за создавање на

интелектуален потенцијал и етичка ориентација на граѓаните и севкупниот свој професионален ангажман да го мобилизира во таа насока.

## Наставникот и часот

*Влијанието кое наставникот го има врз учениците е директно прикажано преку реализација на наставниот час. Од оваа причина потребно е наставникот:*

- наставникот е должен да го започне часот на време;
- часот треба редовно да биде евидентиран, како и отсутните ученици.
- часот треба да биде максимално заштитен од соопштенија, разговори кои не се во врска со планираната задача и од посети кои би го оневозможувале планираниот тек на времето;
- времето на академското учење мора да биде максимално долго;
- секој час треба да биде добро испланиран и тоа така што да овозможува;
- максимален ангажман на сите ученици и постигнување на максимум од зацртаната цел до крајот на часот;
- за време на час, наставникот не смее да го користи својот мобилен телефон;
- часот треба да се изведува според современата наставна технологија, при што ќе се користат нагледни средства со кои ќе се олеснува учењето.

## Професионален лик на наставникот, односно стручниот соработник

*Наставникот односно стручниот соработник треба кон својата работа да се однесува максимално посветено и професионално. Од таа причина потребно е:*

- наставникот, односно стручниот соработник треба да биде компетентен за работата што ја извршува;
- наставникот, односно стручниот соработник е должен да ги почитува законските одредби;
- наставникот, односно стручниот соработник секогаш и секаде внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен, достапен и достоинствен;
- наставникот, односно стручниот соработник секогаш треба да служи за пример со својот изглед и однесување и тоа секогаш внимава на својот морален лик, не смее својата работа во образовната дејност да ја користи за лични цели или да ја злоупотреби, не се изложува на јавноста под дејство на алкохол, дрога или во афективна состојба, се однесува според правилата на интелигентното однесување, гради авторитет и е личност во која може да се има доверба;
- наставникот внимава на својата облека и на својот изглед;
- секој наставник, односно стручниот соработник е должен професионално да се усовршува преку читање стручна литература, посета на семинари, размена на искуства со колеги и други.

## Наставникот, стручниот соработник и ученикот

*Односот и стручниот соработник со учениците е начинот на кој се дистрибуира знаењето од наставниците и стручните соработници кон учениците. Од оваа причина потребно е:*

- наставникот, односно стручниот соработник е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- наставникот, односно стручниот соработник е обврзан професионално и чесно да се однесува кон секој ученик;
- без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата, општествено - економската положба;
- наставникот, односно стручниот соработник верува дека секој ученик може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;
- наставникот, односно стручниот соработник не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш да ја поттикнува и негува самостојноста и критичката мисла на ученикот;
- наставникот, односно стручниот соработник го учи ученикот да учи;
- наставникот го оценува само знаењето на ученикот и реално го оценува секој одговор на ученикот, без оглед на претходните оценки;
- наставникот, односно стручниот соработник бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно го следи и вреднува;
- наставникот, односно стручниот соработник никогаш не го казнува ученикот телесно и не го малтретира психички;
- секој наставник, односно стручниот соработник избира /воннаставна/ активност во која се смета најинвентивен и преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развијат своите таленти;
- наставникот, односно стручниот соработник е должен редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладувањето на наставната материја;
- секој наставник, односно стручниот соработник бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано однесување и на секој вид девијантно однесување во класот или надвор од него веднаш реагира со коректно укажување;
- наставникот, односно стручниот соработник е должен да го сослуша секој ученик кој ќе му се обрати за помош за решавање на лични проблеми, да му помогне или да го упати на стручна помош во или надвор од училиштето.

**Наставникот, стручниот соработник и родителот**

- наставникот, односно стручниот соработник е во постојана комуникација со родителот и должен е: навремено да го повикува, навремено да го известува, да ги почитува неговите аргументи, да бара негова соработка и ангажман во решавање на проблемите, да му ја кажува вистината, да го упатува на помош од компетентни лица кога тој не е во состојба да помогне.

**Односот помеѓу наставниците и стручните соработници**

*Односот на наставниците помеѓу себе како и односот со стручните соработници и останатите вработени во училиштето е слика за училиштето. Со цел зголемување на квалитетот на воспитно-образовниот процес потребно е*

- наставникот, односно стручниот соработник е должен да го почитува секој свој колега, а меѓусебната соработка се темели врз другарство, искреност, отвореност, разменување и пренесување на искуствата.
- наставникот, односно стручниот соработник е должен да ги цени и почитува стручноста и достоинството на секој наставник, односно стручниот соработник во комуникација со учениците, родителите и другите лица.
- наставникот, односно стручниот соработник е должен да биде максимално ангажиран во работата на стручниот актив на кој припаѓа.
- наставникот, односно стручниот соработник е должен да биде активен член на Наставничкиот совет и со тоа да помага во реализацијата на политиката на училиштето.
- наставникот, односно стручниот соработник е должен да ги почитува и да се однесува според одлуките на Наставничкиот совет.
- наставникот, односно стручниот соработник треба да се однесува кон колегите како што тој сака тие да се однесуваат кон него; односот на почитување обезбедува услови за креативност и конструктивна работа.

**Наставникот, стручниот соработник и училиштето**

*Училиштето како работна средина е место каде што наставниците и стручните соработници поминуваат голем дел од своето време. Со цел унапредување на условите во кои истите работат истите треба:*

- наставникот, односно стручниот соработник е должен да се грижи за целиот училишен простор и имот;
- наставникот, односно стручниот соработник треба да прифати дека додека се наоѓа во училиштето, тој е на должност, цело време и насекаде;
- наставникот и стручниот соработник подеднакво се одговорни за хигиената во училиштето и училишниот двор и истите треба да внимаваат на истата и активно да помагаат во одржување на истата.

## IV. Етички кодекс за однесување на останати вработени во училиштето

Во училиштето освен наставниците и стручните соработници има вработено и технички и административен кадар кој има своја улога во воспитно-образовниот процес. Од таа причина останатите вработени во училиштето потребно е да:

- ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со законските одредби;
- да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
- техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;

- техничкиот и административниот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- при работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;
- вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен.

## V. Етички кодекс за однесување на родителите

*Родителите согласно законските одредби се должни на своите деца да им овозможат задолжително основно и средно образование. Согласно наведеното родителите имаат огромна улога во воспитно-образовниот процес која е посредна преку своите деца. Родителите се должни:*

- да го почитуваат куќниот ред во училиштето и своите посети да ги извршуваат во утврдените термини;
- Редовно да се информираат за за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно да ги исполнуваат обврските што ги имаат кон училиштето (матерјиални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците,консултации со наставниците и сл);
- Присуство на родителски средби;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;
- Родителите се директно одговорни за однесувањето на своите деца, а со тоа директно за исполнување на обврските на учениците кои произлегуваат од овој правилник.

## VI. Завршни одредби

За непочитување на одредбите од овој Етички кодекс ќе бидат преземени соодветни мерки, дејствија и активности согласно законските и подзаконските нормативно - правни акти.

**Овој Етички кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување.**

**У Ч И Л И Ш Е Н   О Д Б О Р**
**при СОУ Гимназија**
**„Славчо Стојменски “ - Штип**
**Претседател**
**Зоран Арсов,**